# З А П И С Н И К

Од триесет и петтата седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 26.06.2024 година, (понеделник) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни: 15** советници.
**Отсатни: 0**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин Рушити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување.

Претседателот на Советот праша дали има некои советнички прашања бидејќи тие се дискутираат пред дневниот ред.

Претседателот на Советот кажа, јас имам неколку прашања, едното е во врска со стадионот Беса, другото доаѓа од жителите кои прашуваат кога ќе има дезинсекција за комарци а и кога ке се подобри времето да има воздушно прскање за иститe. Друга работа е за тоа што е почнато да се работи пред изборите да се доврши сега, значи е платено и треба да се реализира до крај, се работи за патот за Циле Маало, исто така и патот од гробиштата до центарот е во завршна фаза и треба да се асвалтира. Како и секогаш тука се и дивите депонии, на тоа место од општината беше предвидено да се фрла тврдиот шут, а на тоа место во лето има многу пожари. Или да се поправи, некој да се вработи или да се грижи за тоа бидејќи тоа го загадува воздухот и е штетно за сите нас. За сите овие барања ќе се огласиме во наредните денови.

Во врска со советничките прашања за збор се јави и Абеб Нухии и кажа, сакам да ги информирам жителите на моето село дека со договор на Советот и со Градоначалникот, бидејќи завршија изборите во есен ќе се работи на неколку патишта. Патот кој води од Челопек до Милетино, патот од пред школото до стариот дом, потоа патот што ги врзува селата Блаце и Милетино исто така ке се направи еден тротоар и канализација. Има и уште едно барање се работи за местото над Вардарот, тамо се фрла отпад и со багер се фрлаат во реката. Сега водата е надојдена и може да дојде до излевање, ги замолуваме од општината да излезат на лице место и да превземат мерки.
За работа на седницата се предложи следниот,

## Дневен ред

**1.**Разгледување и усвојување на записникот од триесет и петта седница на Советот на општина Брвеница.
2.Разгледување и усвојување на Годишниот Извештај за работа на ООУ „Коста Рацин„ с.Брвеница за учебната 2023/2024 година.
3. Разгледување и усвојување на Извештајот за реализирани екскурзии на учениците во ООУ „Коста Рацин„ - Брвеница за 2023/2024 година.
4.Разгледување и усвојување на Годишен Извештај за воспитно-образовната работа на ООУ „7 Марси„ с.Челопек за учебната 2023/2024 година.
5.Разгледување и усвојување на организирани и реализирани екскурзии на ООУ „7 Марси„ с.Челопек во учебната 2023/2024 година.
6.Разгледување и усвојување на Годишен Извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев„ с.Стенче за учебната 2023/2024 година.
7.Разгледување и усвојување на изведени екскурзии во ООУ „Гоце Делчев„ с.Стенче за учебната 2023/2024 година.

Претседателот на Советот  праша дали има уште некој за измени и дополнувања на дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор,  Претседателот на Советот  дневниот ред,  го стави  на гласање и истиот едногласно се усвои од присутните советници.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред  „Разгледување и усвојување на записникот од триесет и четвртата седница на Советот на општина Брвеница„  Претседателот на Советот ја прочита истата и праша дали има забелешки на записникот.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Злате Китаноски и кажа, имам забелешка, тука пишува дека го разгледуваме записникот од триесет и четвртата седница а треба да стои од триесет и четвртата,  најверојатно се работи за техничка грешка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор,  Претседателот на Советот точката  **„**Записник од триесет и четвртата седница на Советот на општина Брвеница„ ја стави на гласање и истата беше едногласно  прифатена од присутните  советници.

**II**

По однос втората точка на дневен ред,  „Разгледување и усвојување на Годишниот Извештај за работа на ООУ „Коста Рацин„ с.Брвеница за учебната 2023/2024 година„  Претседателот на Советот збор му даде на Претседателот на Комисијата за општествени дејности.

Претседателот на комисијата зеде збор и кажа, од страна соодветниот од општината, на комисијата ни беше образложено дека целосно е реализирана оваа програма и нема никаков пропуст во изведување на истата.Оваа точка помина на комисијата.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор,  Претседателот на Советот точката  **„**Годишен  Извештај за работа на ООУ „Коста Рацин„ с.Брвеница за учебната  2023/2024 година„  ја стави на гласање и истата беше  едногласно  прифатена од присутните  советници.

**III**

По однос третата точка на дневен ред,  **„**Разгледување и усвојување на Извештајот за реализирани екскурзии на учениците во ООУ „Коста Рацин„ - Брвеница за 2023/2024 година.

Претседателот на Советот збор му даде на Претседателот на комисијата„ ,

Претседателот на комисијата кажа, како и во претходните две точки на комисијата беше образложено по однос и на оваа точка.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„**Реализирани екскурзии на учениците во ООУ „Коста Рацин„ - Брвеница за 2023/2024 година„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните советници.

**IV**

По однос четвртата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на Годишен Извештај за воспитно-образовната работа на ООУ „7 Марси„ с.Челопек за учебната 2023/2024 година„ Претседателот на Советот збор му даде на Претседателот на комисијата.

Претседателот на комисијата кажа, и тука се работи за редовен годишен извештај за работата на училиштето, на комисијата ни беше образложено се, не е ништо ново, исто како и секоја година мора да помине кај нас на Совет.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Извештај за воспитно-образовната работа на ООУ „7 Марси„ с.Челопек за учебната 2023/2024 година„ ја стави на гласање и за истата беше едногласно прифатена од присутните советници.

**V**

По однос на петтата точка од дневниот ред „ Разгледување и усвојување на организирани и реализирани екскурзии на ООУ „7 Марси„ с.Челопек во учебната 2023/2024 година„ Претседателот на Советот отвори расправа.

Претседателот на комисијата кажа, бидејќи сите училишта си имаат план по кој ги изведуваат екскурзиите, така и во ова училиште биле реализирани сите предвидени екскурзии и истиот план во целост се реализирал во најдобар ред.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Организирани и реализирани екскурзии на ООУ „7 Марси„ с.Челопек во учебната 2023/2024 година„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на приступтните советници.

**VI**

По однос на шесттата точка од дневниот „ Разгледување и усвојување на Годишен Извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев„ с.Стенче за учебната 2023/2024 година„ Претседателот на Советот кажа дека за оваа точка е дискутирано и образложено како и за предходните извештаи во другите училишта.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Годишен Извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев„ с.Стенче за учебната 2023/2024 година„ , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните советници.

## VII

По однос на седмата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на изведени екскурзии во ООУ „Гоце Делчев„ с.Стенче за учебната 2023/2024 година„ и за оваа последна точка од дневниот ред, Председателот на советот кажа дека како и предходните точки со ист карактер беше образложено на комисијата и истата помина без никави забелешки.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Изведени екскурзии во ООУ „Гоце Делчев„ с.Стенче за учебната 2023/2024 година„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши триесет и петтата седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
Наташа Стојческа

**Претседател на**

**Совет**

**Бр.08-751/2**
**26.06.2024 год.**
**Брвеница**

**Бујамин Рушити**